Доколку се инвестира во раниот детски развој - од раѓање, па сѐ до пет години, може многу да се постигне. Тоа е решение за подобро образование и подобри резултати во здравството, помалку криминал и глад и поголем економски просперитет.

Џејмс Хекман, професор на Универзитетот во Чикаго,
Добитник на Нобелова награда



## Равенката на Хекман

| | |
|---|---|
| Инвестирај | во образовни и развојни ресурси за маргинализираните семејства со цел да им се обезбеди подеднаков пристап до успешен ран човечки развој. |
| + Развивај | когнитивни и социјални вештини кај децата од раѓање до петгодишна возраст |
| + Одржи | го раниот развој со ефективно образование за време на растењето |
| = Добиј | многу поспособни, попродуктивни и ценети граѓани |



Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“ – Македонија се залага за поквалитетно образование преку демократизирање на воспитно-образовниот процес застапувајќи ја идејата за постојана обука и поддршка на воспитно-образовниот кадар од детските градинки и основните училишта, како и на сите оние кои реализираат програми за деца, при тоа негувајќи соработка со надлежните министерства како и со организации кои се залагаат за слични цели. Фондацијата води, координира, учествува и директно спроведува активности кои промовираат иновации, напредок и развој на работата во предучилишните установи и основните училишта во Република Македонија.